ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
РВПП.бр.107/2024
12.03.2024 година
В Е Л Е С

Врз основа на чл.97-а ст.3 и ст.4 од Законот за дополнување на Законот за возила (Службен Весник на РСМ бр.87 од 25.04.2023 година) Основен суд Велес, го објавува следниот

# О Г Л А С

СЕ ИЗВЕСТУВААТ заинтересираните правни и физички лица дека на ден 08.03.2024 година поднесен е Предлог за утврдување сопственост на моторно возило Т1/трактор, марка IMT, тип 539, комерцијална ознака 539, идентификационен број на шасијата 101009600, тип на мотор M33T, идентификационен број на мотор Y004G87898, година на производство 1981, боја 74-црвена, зафатнина на моторот 2500 cm3, силина на моторот 28,7 kw, број на седишта -1, од предлагачот Славче Тодоровски со живеалиште во с.Чалошево -Велес.

Се повикуваат заинтересираните правни и физички лица во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот на огласната табла на Основен суд Велес, доколку имаат, да го докажат својот правен интерес за утврдување сопственички статус на истото погоре цитирано моторно возило.

Доколку по истекот на рокот од 30 дена заинтересираното лице писмено до судот не се обрати со докажување на својот правен интерес, судот во рок од 15 дена ќе донесе решение за легализација - утврдување на сопственички статус на возилото.

С у д и ј а
Валентина Петровска